ПРВ СКОПСКИ
ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2021

БОЈАН ЃОШЕВ
СНЕЖАНА ЈАНКОВИЌ

Содржина на документот

1. Историја и вовед 2
1.1 Кратка историја за извидништвото 2
1.2 За нас 3
1.3 Мисија и цел 3
1.4 Завет и Извидници закони 3
2. Преглед на активностите во 2021 година 4
2.1 Еднодневни активности организирани од ПСИО 4
2.2 Повеќедневни настани организирани од ПСИО 6
2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО 8
2.4 Меѓународни активности посетени од ПСИО 8
2.5 Национални активности посетени од ПСИО 9
3. Новости во ПСИО 10
4. Проекти 12
5. ПСИО во медиумите 14
6. Структура и волонтери во ПСИО 17
7. Финансиски извештај 19

1. Историја и вовед

1.1 Кратка историја за извидништвото

Основачот на Светската Организација на Скаутското Движење (WOSM) е лорд Роберт Стивенсон – Смит Баден Пауел од Гилвел – БП, роден на 22.02.1857 година во Лондон –Англија, (како шесто дете од вкупно десет деца). Останал без татко кога имал само 3години.Првото образование го добил од својата мајка а подоцна го посетувал училиштето Rose Hill School. Таму добива стипендија и образованието го продолжува (на 13 годишна возраст) во колеџот Чартрхаус. Според крајните резултати БП немал високи оценки во училиштето. Неколку години по завршување на колеџот БП пристапува во армијата каде што го примаат во конкуренција од 700 кандидати. По завршување на академијата во 1876 година на 19годишна возраст, го испраќаат како поручник во Индија. Таму тој останува цели 10 години каде што развива свои вештини да набљудува, да се крие, да живее под отворено небо, да се грижи сам за себе. Подоцна заминува во Јужна Африка, од 1899-1901 година само со илјада војници под своја команда каде БП успешно ја води одбраната на градот Меифкинг. Градот е ослободен по пристигнувањето на воената помош, а БП епрогласен на национален херој. На 42 годишна возраст унапреден е во генерал-мајор. Ја организира полицијата во чиј состав влегуваат луѓе кои се способни да се движат по траги, да прават скици на места и објекти, да набљудуваат, да забележуваат и да работат со чувство на одговорност.

Врз основа на стекнатото искуство ја напишал својата прва книга „Помош за извидништво“ (AIDS TO SKAUTING).Пишувал и за тамошните деца кои му помагале за пренесување пораки, давајќи прва помош на ранетите и на многу слични начини. Во тоа ја препознал желбата на момчињата да направат нешто корисно, активно да придонесат за својата земја и за нивната желба за авантура. Следниот чекор го направил на 29 Јули 1907 година со 22 (дваесет и две) момчиња- синови на свои пријатели и деца од квартот каде живеел, БП оди на кампување на островот Браунси во заливот Пуул кај Дерсет-Јужна Англија. Тој е првиот скаутски камп,кој било предвидено да трае 7 дена но продолжил и траел 10 дена, затоа што момчињата не сакале да се вратат дома. Целта на кампот била момчињата да зајакнат физички и да се научат да помагаат на другите, како да се прехранат во природа, сами да бараат и да откриваат. Ги поделил во четири патроли: Бикови, Гаврани, Овни и Волци. Импресиониран од воодушевувањето на децата кои биле во кампот сето тоа го публикувал по една година(1908) во книгата „Извидништво за момчиња“(SCOUTING FOR BOYS). Во 1929 година зазаслугите што ги имал за младите во светот воопшто, од Британската круна ја добива титулата барон и станува познат како Лорд Баден Пауел од Гилвел. Неговата сопруга во 1930 година е избрана за претседателка на Светското женско скаутско движење. Двајцата биле родени на ист датум 22.02 и по тој повод од 1926 година овој датум се прославува како Светски ден на извидниците, познат под името ден на Баден Пауел односно Thinking Day.Тој се разделува од движењето во 1937 година за време на Светското Џамбори во Холандија пред 28 000 илјади извидници од целиот свет. Заминува во градот Ниери, Кенија каде умира на 08 Јануари 1941 год. а, последните зборови му биле БИДИ ПОДГОТВЕН (термин кој станал поздрав на извидниците).

1.2 За нас

Прв Скопски Извиднички Одред (ПСИО), уште познат како ИО Маршал Тито, е најстариот извиднички одред во Република Македонија. Формиран е есента1952 година, за подоцна во 1953година да се регистрира во Сојуз на Извидници на Македонија (СИМ). Во текот на годините ПСИО го има променето своето име во чест на некогашниот претседател на

тогашна СФР Југославија Маршал Јосип Броз Тито, но по осамостојувањето на Република Македонија извидничкиот одредот го враќа примарното име во Прв Скопски Извиднички Одред.ПСИО е дефиниран како невладина организација, самостојна, неполитичка, непрофитна, доброволна и воспитна организација за деца и млади, отворена за сите без оглед на националната или верската припадност. ПСИО е дел од Светското извидничко движење (WOSM) и како таков опстојува и се темели на основните вредности на Извидништвото.Во нашето извидничко друштво, членуваат преку 120 активни извидници кои се категоризирани во повеќе возрасни групи. Извидниците од 7 до 10 години се во група на јато и се нарекуваат развигорци, од 11 до 14 години тие влегуваат во патрола и се нарекуваат помлади извидници, од 15 до 21 година формираат младински клуб на извидници и се нарекуваат истражувачи и над 21 година извидниците се нарекуваат ровери. Во ПСИО извидниците се распределени во јата, патроли, клуба на средношколци и 1 клуб на ровери кои се водени од свои водачи, волонтери.

1.3 Мисија и цел

Мисијата на извидничкото движење е да се придонесе во образованието на младите, преку систем на вредности врз основа на извидничиот Завет и Закони, да помогнат да се изгради еден подобар свет, каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството. Ова се постигнува со вклучување на младите во неформалниот образовен процес преку користење на специфичниот извиднички метод што го прави секој поединец главен агент во неговиот или нејзиниот развој. Мисијата е усвоена на Светската Извиднички конференција во Дурбан, Јужна Африка во 1999 година.Целта на ПСИО е да влијае врз физичкиот, афективен, креативен и социјален развој на децата и младите преку извидничкиот метод кој се темели врз завет и закони, учење преку работа, личен развој, работа во мали групи, поддршка од возрасните, симболичка рамка и сето ова преку следење на основните извиднички принципи:

1.Обврска кон себе
2.Обврска кон другите
3.Обврска кон духовниот развој

1.4 Завет и Извиднички закони

Завет

„Давам чесен збор, дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина, дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе им помагам на луѓето, дека ќе живеам и работам по извидничките закони“.

Развигорски закони:

1.Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен;
2.Развигорецот ги почитува своите родители и постарите;
3.Развигорецот добро учи, вреден е и несебичен.

Извиднички закони:

1.На извидникот му е чест да му веруваат
2.Извидникот е корисен
3.Извидникот е добар другар
4.Извидникот е учтив
5.Извидникот е оптимист
6.Извидникот е верен и одговорен
7.Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења
8.Извидникот ја цени природата
9.Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности
10.Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата

2. Преглед на активностите во 2021 година

ПСИО во 2021 година зема активно учество, како и реализација на многу активности, чија цел беше промоција на извидниците како дел од општеството кое се грижи и создава здрава околина за граѓаните, едукација на децата и младите, како на локално, така и на национално ниво, младинска застапеност, стекнување на нови вештини и создавање подобар свет.
Оваа година се уште под влијание на корона вирусот Ковид19 многу активности од меѓународен карактер мораше да бидат откажани или организирани без физичко присуство

2.1 Еднодневни активности организирани од ПСИО

1. Одбележување на Светскиот ден на извидниците

По повод 22ри февруари, Денот на извидниците, извидниците и извидничките одреди реализираа активности на локално и национално ниво под мотото "Направи добро дело".

Истото се состоеше од:

- крводарителски акции

- социјална помош за лица кои им е најпотребно

- интеграција на деца со помалку можности

- собирање донации

- згрижување на улични животни

2. Добро дело – патрола Бувови 21.02.2021

Денес патрола Бувови го посетија нашиот преубав Кањон Матка. За жал, и без изненадување повторно природата преполна со отпад од несовесни граѓани. Нашите извидници го собраа отпадот во симболични ДЕСЕТ - 60 литарски вреќи, имаше уште ама снемавме ќеси. Оваа акција и добро дело кон нашата природа, патролата и нашиот водач Иван ја посветија на Светскиот ден на извидниците 22ри Февруари. До следна средба, не го фрлајте отпадот каде стигнете туку во КАНТА ЗА ОТПАДОЦИ / КОНТЕЈНЕРИ или пак понесете си го дома, од каде и сте го донеле и секако бидете подготвени.

3. Добро дело – јато Фикуси 27.02.2021

И кога сме надвор на голем одмор, треба времето да го користиме квалитетно. Играњето школка освен што придонесува кон здрав физички и социјален развој е одлична улична игра за вежбање рамнотежа и концентрација.

Со поддршка на Општина Центар нашите развигорци цртаа улични игри за основците од ООУ ,,Киро Глигоров"

4. Хајк на Скопски Црна Гора – Спирова колиба, 03.04.2021

Повеќе од 30 извидници на 3ти април ја прошетаа Скопска Црна Гора од Бродец до Спирова колиба. Чист воздух и малку физичка активност дефинитивно е она што најмногу ни е потребно во моментов.

5. Ден во Негрево – посета на едукативниот центар за зачувување на природата 17.05.2021

Месец мај е одличен за посета на Едукативниот центар за зачувување на природата во село Негрево каде беа најмладите извидници од „Прв Скопски Извиднички Одред".

Извидниците имаа можност да се запознаат со биолошката разновидност во брегалничкиот регион, да се забавуваат и анимираат во дворот на центарот и да прошетаат по “Патеката на Петко и шумските жители – Пехчевска авантура”.

6. Рафтинг за почист Вардар - 06.06.2021

Со пауза од една година, денес традиционално нашите извидници се пуштија по Вардар со цел одбележување на денот на животната средина Од с. Зелениково преку адреналинскиот бук низ Таорска клисура до Велес. Поздрав до одличната 9ка и нашиот скипер на денот Иван Велкоски

7. Свечено давање извиднички Завет Китка, 11.06.2021

Во дворот на нашиот извиднички дом „Чичко Боро“ 25 развигорци кои веќе една година чекаа да ја добијат својата марама свечено дадоа чесен извиднички збор, го фрлија во логорскиот оган дрвеното стапче со своето име и ветија дека ќе живеат и работат по извидничките закони и секогаш ќе се грижат за себе и за другите.

8. Работилница за деца со помалку можности - 02.09.2021

Тимот на ГИЗ кој работи во областа на социјални права за ранливи групи продолжува да го поддржува Дневниот Центар од Шуто Оризари во напорите да ги задржи децата во училиште, безбедни и подалеку од улицата во овие времиња полни со предизвици. Извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред преку искрена дружба и извиднички активности на отворено им го разубавеа денот на децата од Daycare Centre for street children/ Дневен Центар за деца на улица - социјалните права се човекови права.

9. Гоблин илегалец 18.12.2021

Нашата одредска акција во организација на извидниците и истражувачи, а наменета за нашите развигорци годинава се организираше во Мајнкрафт филм! И покрај лошата прогноза времето беше на наша страна оваа сабота. 50 ПСИОвци организираа и се натпреварувааа на 3*С ама постојано се греевме со чајче.

Честитки на екипа Плеш (Фикуси) за прво место - развигорци и екипа Лео (Леопарди) за прво место - извидници! Биди подготвен!

2.2 Повеќедневни настани организирани од ПСИО

10. Тренинг за Прв помош и заштита, Китка – Шумско домче 14.05-17.05.2021

16 извидници поминаа прекрасни 3 дена во извидничкиот дом “Чичко Боро” каде добија основна обука во Прва Помош и Заштита. Освен што учевме, многу се шетавме, игравме извиднички игри, готвевме и секако се дружевме.

11. Летен камп – Живот во природа 11.06-14.06.2021

Во периодот од 11 до 14 јуни во Извиднички дом „Чичко Боро“ се одржа летниот камп за развигорци на кој 60тина развигорци и водачите поминаа презабавни 4 дена.Деновите ни беа исполнети со незаборавна авантура, адреналин, многу смеа и дружба. Сите извидници учествуваа на работилниците за: видови огништа, патни знаци, јазли и стреличарство. Секако не го изоставивме нашиот традиционален хајк од Мала река до Водопад. Вечерите ни беа исполнети со КЗП покрај логорски оган, караоке и јадење на нашите омилени marshmallows.

За најдобар водач на кампот го издвојуваме Петар на јато Детелинки

12. Национален камп Петтиот елемент – Извиднички центар Охрид, 05.07-15.07.2021

Во периодот од 5 до 15 јули за сериозноста на аерозагадувањето и будењето на еколошката свест кај луѓето се зборуваше на проектот насловен како

„Петтиот елемент“. Главната цел на проектот е да ја разбуди свеста кај луѓето за зачувување на животната средина, притоа посветувајќи се на 5 елементи: вода, воздух, земја, оган и извидништво. 30 извидници од Македонија ја имаа можноста, почнувајќи од Охрид и посетувајќи различни локации во околината да снимат видеа од младите до секого кои ќе носат важен апел и важна порака, да го чуваме целокупното природно наследство.

Регата по повод спас и повисока свест и совест за нашето омилено Охридско езеро и животната средина. Регатата беше по долж Извиднички центар Охрид до Куба Либре и

траеше 1 час по правец. Преку оваа активност го одбележавме елементот ВОДА, еден од петте преку кои ние, младите извидници преку адреналински активности ја подигнуваме свеста за чиста и здрава животна средина. Се надеваме дека сме ви позитивен пример и ќе ни се придружите во нашата мисија. Активно се насочуваме кон подигнување на свеста за аерозагадувањето преку летање со параглајдери и снимање видеа од млади за сите. Аерозагадувањето директно влијае кон нашето здравје и секако животната средина. Елементот ВОЗДУХ е еден од петте основни елементи кои ќе ги разработиме и преку адреналински активности и видеа ќе се обидеме да ја подигнеме свеста за чување на животната средина.

Ние младите можеме, па нека сме Ви на сите позитивен пример. Искачување на врвовите Магаро, Галичица и Црн Камен, Јабланица, за апел, глас и повисока свест и совест за нашите планини, национални паркови и животната средина. Оваа активност беше дел од летниот младински камп „Петтиот елемент“ одбележување на елементот земја. *Хајкот и искачувањето до врвот Магаро беше со должина од 7,6 км, надморска височина на почетна точка 1,600 м.н.в - врв Магаро 2255. *Хајкот и искачувањето до врвот Црн Камен на 2,257 м.н.в беше со должина од 6 км со искачување на 800 мнв. Пред самиот врв добивме награда - уживање во Вевчанско езеро, кое од населението се нарекува Локва. Преку оваа активност го одбележавме елементот ЗЕМЈА, еден од петте преку кои ние, младите извидници преку адреналински активности ја подигнуваме свеста за чиста и здрава животна средина. Се надеваме дека сме ви позитивен пример и ќе ни се придружите во нашата мисија. Оваа активност е дел од кампот ,,Петтиот елемент" од истоимениот проект кој го спроведува Прв Скопски Извидници Одред, а финансиран од Фондација Отворено општество - Македонија во рамки на концептот „Зелен скок – Партнерства за климатска акција“

13. Летен камп за извидници – Соларна енергија 21.07-29.01.2021

Кампот го посветивме на Целите за одржлив развој преку активности за соларна енергија, вештини кои придонесуваат кон квалитетно неформално образование, заштита на животната средина и секако многу дружба и авантура на планина. Два дена ни беа исполнети со големи предизвици и авантура која дефинитивно нема да ја заборави ниту еден наш извидник. Во петокот се искачивме до Планинарски дом Караџица 1450 мнв каде го изградивме нашиот дом. Утредента рано наутро се упативме на 13км хајк до прекрасното Бегово поле кое се протега на 2000 мнв под Солунска глава 2540 мнв, на која пак тројца наши извидници не останаа рамнодушни, ја искачија и го развеаа ПСИОвското знаме. Секоја чест Иван(24г.), Ања(14г.) и Бојан(19г.).

По враќањето на Караџица, го спуштивме кампот и полека се вративме во нашето Шумско Домче ПСИО. Деновите ни беа исполенти со активности каде нашите извидници смислуваа иновативни решенија како да и помогнеме на нашата планета. Креативни изуми кои придонесуваат кон Целите за одржлив развој со посебен акцент на искористување на соларната енергија.

Во меѓувреме сите извидници се фокусираа на изучување на нови вештарста и нивно полагање. Се полагаа вештарствата : пионерство, драма, прва помош и заштита и курир.

14. Хајк – Нежилово – Водопад на р.Бабуба – Пл дом Чеплес, 27-28.11.2021

Дваесерт извидници од ПСИО, 12км хајк малку сонце, повеќе дожд, но незаборавна авантура. Како и секогаш тргнавме од Цветен пазар и по двочасовно возење стигнавме до рибникот вос.Нежилово. Од таму го започнавме нашиот хајк кој ќе го паметиме засекогаш. По пат се дружевме со новинарите од ИКС, кои зимаа изјави од 10тина наши извидници и направија одлично видео - Како изгледа извиднички камп: Два дена со младите извидници на реката Бабуна кое може да го погледнете ТУКА. Вториот ден се дружевме со Ангела Тасеска биолог кој не воведе во екологијата, значењето и потребата од заштита на водните ресурси. Целиот настан беше поддржан од Институт за комуникациски студии, под кампањата „Разбистри се“.

2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО

2.4 Меѓународни активности посетени од ПСИО

15. Zeleno, volim te zeleno! Сплит, Хрватска 17.04 – 30.04.2020г.

Zeleno, volim te zeleno! во организација на Splitski skautski zbor (Scout Association of Split). Нашите извидници замаа активно учество во пошумување на опожарени места во Хрватска - Сплит, но и обука за специфичности на шумите во оваа област и клима, за глобални и локални еколошки и климатски промени 🌲, за локални обичаи и традиција



16. Инста филтер WOSM

Нешто поинакво. Можеби без физичко присуство но за нас голема чест и задоволство. Светската извидничка организација креираше нов филтер за познатата социјална мрежа Инстаграм, каде промотер на светско ниво беше наша Касија.

17. Бегово поле 26.06.2021

Во организација на ПД Филип Чакаров, а поддржано од Ин Брокер – нашите долгогодишни пријатели на 26 јуни традиционално се организираше планинска дружба на пл. Јакупица – Бегово Поле. Нашите извидници и на овој настан земаа активно учество. По импресивниот ден, Старешинството донесе одлука за време на летниот камп да одведе на хајк поголема група на извидници со цел да се запознаат со планината и да го посетат ова импресивно место.

18. Размена со извидници од Франција и Германија - Извиднички центар Вестерное

Во период од 5 до 15 август 2021г нашите извидници Кико и Ангел беа дел од интернационалниот камп во Германија - Извиднички центар Вестерное. аедно со групата имаа можност да се дружат, запознаат извидници, култура и традиција со извидници од Германија и Франција.

19. Младинска размена “Digital youth” – 09-19.08.2021 Бугарија

Нашите извидници Петар, Сара и Кузе беа на младинска размена во Село Гудевица град Смољан, Бугарија. Овој одличен 10 дневен настан од 9 до 19 август 2021 ја опфати темата “Digital youth”. Секако освен научените работи тие се надополија со многу нови вештини, спомени и секако нови интернационални пријатели.

20. Sustainability 4 Positive Change 02.11 – 13.11.2021

Наша Крајчевска Сара, еден од вашите омилени водачи е дел од настанот ‘Sustainability 4 Positive Change’. Целта е зголемување на еколошката свест и еколошки одговорното однесување на учесниците и индиректно на младите во своите заедниците.

Главната активност на настанот се фокусираше на следните аспекти:

-одржлив развој и значењето на целите за одржлив развој како дел од нашата програма Scouts for SDGs на која работиме речиси цела година;

-најдобри практики за постигнување на целите за одржлив развој и живеење поодржлив живот;

-одржливост во секојдневниот живот и дома

-зголемување на еколошката свест и еколошки одговорно однесување преку локални и меѓународни акции засновани на идеи развиени за време на младинската размена.

21. ‘’Ignite the Rural Youth’’ – Унгарија, 04.12 – 12.12.2021

Нашиот водач Крајчевска Сара го надоградува своето неформално образование во Унгарија на тренинг курсот ‘’Ignite the Rural Youth’’. Тренингот кој се одржува во период од 4 до 12 декември 2021 има за цел да ги зајакне младинските работници со огромна база на знаења, вештини и компетенции кои ќе го поттикнат нивниот ангажман во сферата на младинската работа на локално и на европско ниво. Проектот ќе развие разбирање и знаење за клучните компоненти на развивање, спроведување и евалуација на младински иницијативи и проекти. Преку овој курс за обука, учесниците ќе размислуваат за проектни идеи засновани на заедницата, ќе ги развијат своите проектни планови и ќе научат суштински совети за прибирање средства за да ги оживеат тие идеи и да ги направат долгоочекуваните огромни промени во нивните заедници и истовремено да инспирираат други млади.

2.5 Национални активности посетени од ПСИО

22. Акција за дарување крв по повод Светскиот ден на Извидниците 22.02.2021г.

Во Младинскиот центар ,,Матично" сите граѓани имаа можност да направат добро дело и да даруваат крв. Голема благодарност до Трансфузиологија, Општина Центар и Црвен крст на Република Северна Македонија за соработката и поддршката која ја даваат на Сојуз на извидници на Македонија

23. Промоција на книгата и планинаските авантура на Здравко Дејановиќ - 13.03.2021

Повеќе од 25 млади луѓе, во Младинскиот центар Матично, имаа можност да ја слушнат приказната на Здравко - почнувајќи од тоа како започнал со планинарење, потоа за неговите фантастични авантури и искуства од искачувањето на највисоките врвови на светот како Монт Еверест и К2, за на крај да нè фасцинира и со фактот дека само изминатата недела искачил неколку македонски врвови.

Останаа уште многу приказни за раскажување, вклучувајќи ја и онаа за искачувањето на врвот Анапурна, па се надеваме дека во иднина ќе имаме прилика да слушнеме и за нив

24. Дрво за секоа дете – 07.05.2021

Во соработка со институциите во Град Скопје се придруживме кон прекрасната акција на нашиот град „Дрво за секое дете" и помогнавме во именување на дрвцата по Илинденска. Се надеваме дека еден ден ќе ги сретнеме и ќе се запознаеме со Јована, Петар, Теона, Тина, Марта, Калин и многу други и ќе ни се придружат во нашите извиднички авантури.

25. Ден на независноста на Македонија
26. Извидниците за својот град, ИО Браќа Миладиновци – 13.11.2021

Оваа година се закитивме со првои второ место во категорија развигорци. Прво место: Никола Китановски, Луна Гирова, Тигран Панковски и Ема Давчев. Второ место: Дафина Пекевска, Дамјан Димовски, Симон Стевковски и Тони Урошевски. ПСИО денес зема активно учество на натпреварот со 8 екипи - 32 извидници и 10тина водачи. Им честитаме на сите учесници и голема благодарност до организаторите за безпрекорната организираност и покрај огромниот број екипи - 50тина. Традиционално денес го поздравуваме, го сакаме Скопје и секако учествуваме на една од најстарите акции во извидништвото - ,,Извидниците за својот град" во организација на Извиднички Одред Браќа Миладиновц

3. Новости во ПСИО

Уште на самиот почеток на 2021 година со поддршка со наши извидници и поддржувачи од САД отворивме платформа за донации кои ни беа потребни за санација на значителен дел од нашиот извиднички дом на Китка – Шумско домче. Ја лансиравме на GoFundMe и собраве 900$ со кои ги саниравме плафоните во собите, терасата и дел од внатрешноста.

Новина во 2021г како за нас така и за цел СИМ беше одржаното вонредно изборно Собрание на Сојуз на извидници на Македонија каде за нов претседател - Старешина на Сојуз на извидници на Македонија - Scout Association of Macedonia беше избран Бобан Москов.

Во 2021г. ја посетивме и првата работилница за градење ПАРТНЕРСТВА-меѓу-секторски иницијативи за Целите за одржлив развој (Sustainable Development Goals) на која присуствуваа 80 учесници од различни сектори (институции, бизниси, граѓански организации, академија итн). Од нашиот одред активно учество земаа Димитар Тануровски и Бојан Ѓошев едни од волонтерите кои ја спроведуваа нашата нова програма Извидниците за Целите за одржлив развој поддржана од Триглав и НЛБ.

Една од поголемите новитети во 2021г. е остварување на нова соработка со НЛБ Банка, како и Фејдом – новите пријатели на извидниците со кои изградивме летна училница во дворот на нашето Шумско домче и дополнително добивме нов изглед на дневниот престој во истото.

И оваа година немаше да ја поминеме без поддршката на нашите најверни пријатели ФАРМАХЕМ, кои се со нас буквално на сите настани. Поддршката која ни ја даваат преку донација на брзи тестови, средства за дезинфекција и маски ни значи повеќе од се, бидејќи здравјето на сите наши членови и нивните најблиски ни е секогаш на прво место.

Соработката со верните пријатели Везешари продолжува и во 2021г. Нивната помош преку донација со храна ни е повеќе од неопходна, а ние сета останата храна, ја донираме во Центарот за деца од улица.

Оваа година како и секоја нашиот одред инвестираше во опрема за нашите извидници секогаш да бидат спремни за престој во природа. Набавивме шатори, тенди, маси, шкафчиња и други реквизити за забава во природа.

Исто така како и 2021, и оваа продолживме со рециклирање на пластични шишиња и лименки. Во 2021г рециклиравме повеќе од 1000 шишиња.

Во 2021година по втор пат ја доделивме наградата за извидник – водач во ПСИО и истата овој пат свечено ја прими нашиот вреден и посветен извидник-волонтер во Прв Скопски Извиднички Одред Сара Крајчевска.

И на самиот крај и оваа година нашиот одред изработи календар со извиднички мотиви и активности од нашите извидници од 2020 година. ЛИНК до календарот 2021

4. Проекти

РЕФЕРЕНТНА ЛИСТА ЗА ИЗРАБОТЕНИ ПРОЕКТИ ВО 2021 ГОДИНА

Спроведувач: Прв Скопски Извидници Одред

** На листата не се прикажани европски проекти од програмата Еразмус + финансирани од Европска Комисија, како и проекти на кои здружението било партнер апликант.

<table>
<tr><td>Бр.</td><td>Донатор
Име на проект</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>EU House
SCOUTS go SOLAR (2021)</td></tr>
<tr><td></td><td> 

Цел на проектот: The general objective of the Scouts Go Solar project is to promote interest and understanding about the use of renewable energies as a strategy to protect the environment and respond to climate change.

Резултати:
• Create solar energy awareness, knowledge and skills among young people;
• Get to know the nature of the sun better;
• Piscover the possibilities of solar energy;
• promote interest and understanding of the use of renewable energies as a strategy to protect the environment;
• Create awareness among young people about negative effects of the sun and how one can deal with these effects.</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>French Embassy in Skopje
SCOUTS FOR SDGS THROUGH OUTDOOR ACTIVITIES 2021</td></tr>
<tr><td></td><td>Цели на проектот:
1. Social networking of 20 young scouts from France and North Macedonia for raising awareness and education of SDGs and sharing positive practices.
2. Promoting SDG 5 Gender equality by recognizing the inequalities associated with gender, Scouts for Climate Actions and Solar energy.
3. Supporting young people to use nature through outdoor activities for the benefit of SDGs.

Постигнати резултати:
• Promotion interest and understanding of Gender equality through workshops in nature
• Create solar energy awareness, knowledge, and skills among young people.
• Get to know the nature of the sun better.
• Discover the possibilities of solar energy.
</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>ГРАД СКОПЈЕ</td></tr>
</table>

	Соларна енергија – корисна за животната средина, едукативна за младите и забавна за децата 2021
	Цел на проектот: Соларна енергија – корисна за животната средина, едукативна за младите и забавна за децата е да промовира интерес и разбирање за употребата на обновливи енергии како стратегија за заштита на животната средина и одговор на климатските промени. Резултати: 1. Координирана програма и акции дизајнирани за развој на компетенциите за млади, граѓани, преку преземање активности за прашања поврзани со одржливиот развој. 2. Обучени повеќе од 20 млади волонтери за промоција и организација на работилници за деца и млади 3. Едукативни содржини и материјали за запознавање со соларна енергија на креативен начин
4.	**Општина Центар** **Неформална едукација и промоција на Целите за одржлив развој Scouts for SDGs**
	Цел: Подобра и поодржлива иднина за сите со акцент на инклузивна и квалитетна едукација, достапна и чиста енергија, одржлива заедница, одговорна потрошувачка, климатски промени за животната средина.
5.	Фондација Отворено општество Македонија Петтио елемент
	Цел: Создавање на позитивна средина за учење и заштита на животната средина преку неформална едукација за деца и млади во природа Резултати: Р.1. Адаптирана и креирана одржлива програма за промоција и едукација на тема животна средина со симболичка рамка (А.1.) Р.2. Обучени 20 врснички едукатори за имплементирање програма за чиста и здрава животна средина (А.1., А.2.) Р.3. Имплементирани 4 атрактивни и адреналински активности за подигнување на јавната свест за животната средина (А.2.) Р.4. Едуцирани млади за клучната улога на водата, воздухот, земјата и оганот за животната средина (А.1., А.2., А.3.) Р.5. Десиминација на програмата од страна на партнерите во 5 градови (А.3) Р.6. Видео кампања со пораки за заштита на животната средина (А.4)

5. ПСИО во медиумите

Извор: Интернет-онлајн сервиси на национални телевизии, дневни весници, неделни магазини, портали за вести
Јазик на оригиналните статии: македонски
Дата на сите записи: 2021 година

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
1.	Скопје ИНФО мк На кафе со Снежана Јанковиќ Прв Скопски Извидници Одред	Да се биде Началник на еден извиднички одред поготово најголем, најброен како ПСИО е презабавно, креативно, одговорно имаш многу обврски, но сите се со забавен карактер, добро има и многу работа, но кога го правиш тоа што го сакаш, стануваш најдобар во истото и се што ти останува е да уживаш и да го пренесуваш своето знаење на помладите кои треба да те „наследат“. Линк/Link	10.03.2021
2.	Centar.gov.mk Во Младинскиот центар „Матично“ одржана јавна расправа за зголемување на младинското учество во процесите на донесување одлуки на локално ниво	Во рамките на Младинскиот центар – Матично се одржа првата Јавна расправа на тема „Зголемување на младинското учество во процесите на донесување одлуки на локално ниво“. На настанот свое обраќање имаа градоначалникот на Општина Центар, Саша Богдановиќ, претставници од Сојузот на извидници на Македонија и од Првиот скопски извиднички одред, невладината организација Еко лоџик Линк/Link	28.05.2021
3.	ecnegrevo.mk Извиднички одреди во посета на Едукативниот центар за зачувување на природата во с.Негрево	Во Едукативниот центар на несекојдневен и оргинален начин на извидниците им се доближува значењето на природата, се запознаваат со биолошката разновидност во брегалничкиот регион и го осознаваат живиот свет и убавините што ги има во околината на Центарот, преку прошетка по патеката на Петко и шумските жители до локалитетот „Јудови Ливади” каде вирее инсектојадното растение Drosera rotundifolia. Линк/Link	02.06.2021

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
4.	novatv.mk Поранешно „Матично“ стана Младински центар	Кога ќе заврши состојбата со корона вирусот, ќе организираме настапи на млади музичари, ликовни колонии, изложби на млади уметници, како и филмски проекции“, вели Снежана Јанковиќ, координатор на младинската програма на Прв скопски извиднички одред. Линк/Link	17.02.2021
5.	Radio MOF Од сала за венчавки до младински центар – Радио МОФ во посета на „Матично“	**Снежана Јанковиќ**, координаторка на младинската програма на Првиот скопски извиднички одред, но и еден од креаторите на идејата за младиснкиот центар, во моментов работи на програмата која ќе ја нуди центарот. Линк/Link	22.06.2021
6.	Види вака Дигитално извидништво	Извидниците во време на пандемијата своите вештини ги вежбаат онлајн, но собираат и донации за реновирање на нивното шумско училиште „Чичко Боро“ на планината Китка. Линк/Link	06.02.2021
7.	Сител тв Пандемијата ни покажа-Извидничките вештини се неопходни во секојдневието	Линк/Link	03.02.2021
8.	RYCO Scouts of the Western Balkans United for Change	Supported by RYCO and the United Nations Peacebuilding Fund through the second RYCO Open Call for Project Proposals, First Scout Unit of Skopje in partnership with Scout Group Dr Mladen Stojanovic Prijedor, IO Gojko Krushka Cetinje and Savez izvidjaca grada Nisha, implemented the project “SCOUTS UNITED Learn it, Do it, Scout it”. Линк/Link	04.03.2021

Видеата со изјави од нашите извидници кои дефинитивно ја одбележаа 2021г. за нас и за цела македонска јавност снимени на водопадот на реката Бабуна и планинарски дом Чеплес

Секој викенд – нова планина! **Касија Сентиќ – Габер** од малечка ужива во природата. Со другарите извидници го посети водопадот на Бабуна. Од таму испраќа порака за сите! https://fb.watch/bBPWbGHSmu/
Нов ден, нов извидник! Ви го претставуваме **Давор Трајковски**, вљубеник во водопадот на Бабуна и обожавател на риби! По 11км пешачење низ убавата Јакупица, сè што сака е да ја гледа водата и да јаде сендвич со шунка и кашкавал! https://fb.watch/bBTh7SPKDU/
Низ очите на **Петра Митовска**, водата е најнеопходна за живот но и сè позагадена. Нафтените дамки од бродовите и отпадните води испуштени во реките се првото загадување на кое што се сети. Природата е прекрасна, но Петра на свои 11 години никако не може да разбере зошто луѓето ја уништуваат.https://fb.watch/bBTdgkQv_A/
Младиот извидник **Горазд Стојкоски**, ретко ја посетува, многу ја сака планината. Има висока свест за значењето на водата и испраќа порака до сите чичковци и тетки што за профит ја загадуваат. https://fb.watch/bBTaxl-Z1z/
Грашокот е здрава храна. Содржи одличен процент на протеини, растителни влакна и антиоксиданти. Витаминот А помага на здравјето на очите, а дава и неверојатна енергија. Младиот извидник **Петар Ачкоски** го знае ова, но ако треба да избере што ќе јаде по 11 километри пешачење до водопадот на Бабуна, тогаш изборот би бил бургер или бурито. https://fb.watch/bBT7Vs5kRg/
Никола Китановски од Нежилово до Чеплес одеше пеш за да дише чист водух и да се забавува со другарчињата. Младиот извидник ќе ви каже што ја прави природата убава и зошто извидништвото е неговото хоби. https://fb.watch/bBSW-HbRNT/
Колку чини вашиот мир и каде го наоѓате? **Ема Давчев** станала извидник за да се качува на планините каде што е тивко, има чист воздух и никогаш не треба однапред да се закажува. https://fb.watch/bBT4FpDFqy/

6. Структура и волонтери во ПСИО

Структура на Прв Скопски Извиднички Одред

Старешина на одредот / Претседател

Зоран Шиљковски

Е-пошта: zokisiljo@yahoo.com / Поврзи се со Зоран на Facebook

Членови на Старешинство / Управен одбор

Началник на одред

Ивана Манчевска

Е-пошта: ivana.mancevska15@gmail.com / Поврзи се со Ивана Facebook Instagram

Виктор Гилев

Е-пошта: viksa_pestaloci@hotmail.com / Поврзи се со Виктор Facebook Instagram

Иван Велкоски

Е-пошта: ifcepifce@gmail.com / Поврзи се со Иван Facebook Instagram

Бојан Ѓошев

Е-пошта: gosevbojan@gmail.com / Поврзи се со Бојан Facebook Instagram

Волонтери во Прв Скопски Извиднички Одред

1. Демјан Анатоли Голубов / Е-пошта: demjan.a.golubov@gmail.com
2. Владимир Камбовски / Е-пошта: VKambovski001@gmail.com
3. Александра Радевски / Е-пошта: aleksandraradevski@gmail.com

4. Амелиа Георгиева / Е-пошта: ameliageorgievska@gmail.com
5. Ангел Спасовски / Е-пошта: spasovskiangel8@gmail.com
6. Андреј Кузевски / Е-пошта: andrejkuzevski5@gmail.com
7. Кристијан Китанов / Е-пошта: kitanovk@gmail.com
8. Петар Ѓошев / Е-пошта: gosevpetar@gmail.com
9. Петар Петровски / Е-пошта: petrovskip22@gmail.com
10. Мартина Тасева / Е-пошта: taseva.martina@yahoo.com
11. Сара Крајчевска / Е-пошта: sarakrajcevska0.@gmail.com
12. Ангелина Ефремова / Е-пошта: anngellinna.2003@gmail.com
13. Горјан Анѓушев / Е-пошта: angjush.gogo@gmail.com

Извршна канцеларија / Координатор на проекти
Снежана Јанковиќ
Е-пошта: snezepsio@hotmail.com / Поврзи се со Снежана Facebook Instagram

7. Финансиски извештај

Официјален документ издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија